НАЦРТ АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ[1]

Овој Акциски план, кој произлегува од сеопфатниот уставен, правен и институционален систем за заштита на **заедниците** во Северна Македонија, предвидува група мерки наменети за понатамошно подобрување на правата на **припадниците на заедниците** на полето на недискриминацијата, борбата против говорот на омраза и образованието.

1. Вовед

Овој акциски план е подготвен во согласност со став 35 од Преговарачката рамка за Северна Македонија, одобрена од Советот на Европската Унија на 18 јули 2022 година. Став 35 од Преговарачката рамка наведува дека Северна Македонија преку инклузивен процес ќе донесе Акциски план посветен на заштита на правата на припадниците на заедниците, вклучително, меѓу другото, на полето на недискриминација, борба против говорот на омраза, образование, воспоставување ефективни мерки, механизми за известување и идентификување на соодветните одговорни институции. ЕУ ја нагласува важноста на заштитата на малцинствата и очекува Северна Македонија, како идна членка, да ги почитува суштинските вредности на ЕУ како што се демократијата, еднаквоста, владеењето на правото и човековите права, како што се наведени во член 2 од Договорот за Европската Унија. Исто така, ЕУ побара транспарентен и инклузивен процес за развивање патоказ за реформи според поглавјата 23 и 24 за владеење на правото, кој ќе се води според приоритетите идентификувани во извештаите од скринингот.

Акцискиот план ја надополнува постојната правна и институционална рамка за унапредување и заштита на правата на заедниците, за дополнително да се зајакнат овие права преку подобрена координација, спроведување и законски мерки. Оттука, целта на овој план е да се унапредат и подобрат правата на заедниците, како континуирана заложба за одржлива општествена кохезија во македонското мултиетничко општество на локално и на национално ниво.

2. Методолошки пристап

2.1. Опсег на Акцискиот план

Акцискиот план е заснован врз барањата на Преговарачката рамка и извештајот од скринингот и наодите од скрининг извештајот за правото на ЕУ во Кластерот 1 – Фундаменти (во понатамошниот текст Скрининг извештај) во согласност со Патоказот за владеење на

[1] *Ова е работен документ и не претставува конечна или официјална позиција. Неговата содржина подлежи на понатамошно подобрување во очекување на сеопфатен преглед од стручни лица и консултации со релевантните институционални и надворешни чинители. Ниту еден дел од овој нацрт не треба да се толкува како обврзувачки или конечен додека не е формално финализиран и соодветно одобрен преку соодветните процедури.*

правото, како и документите од националните документи за политиките што се однесуваат на заштита и унапредување на правата на заедниците.

Тука, важно е да се укаже и на некои терминолошки разлики: иако Рамковната конвенција за заштита на национални малцинства на Советот на Европа го користи поимот „национални малцинства“, овој документ ја следи уставната и законската терминологија од Северна Македонија, каде се користи терминот „заедници“. Во овој контекст, примарен фокус на мерките и активностите на овој Акциски План е на заедниците кои се помалку од 20 проценти од населението, согласно уставната и правната рамка на земјата.

Во поглед на правата на припадниците на заедниците, стандардите кои се применуваат се оние предвидени во Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства и Европската повелба за регионални или малцински јазици на Советот на Европа, како и во Декларацијата за правата на лицата што припаѓаат на национални или етнички, верски и јазични малцинства на ОН. Во оваа смисла, при дефинирање на главните предизвици, приоритети и потреби, овој Акциски план е заснован како на оценката на Европската комисија, така и врз наодите и препораките на релевантните тела, како што е Советодавниот комитет за Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства. Ова е истакнато и во Скрининг извештајот во кој органите се охрабруваат *„да ги спроведат препораките на Советодавниот комитет на Рамковната конвенција за националните малцинства и релевантните резолуции на Комитетот на министри на Советот на Европа“.*

Актуелната правна и институционална рамка за заштита на правата на заедниците во земјата во континуитет се развива и унапредува согласно сите меѓународни стандарди и препораки на горенаведените тела, сепак овој Акциски план се фокусира врз приоритетните области како што се идентификувани во Преговарачката рамка, Скрининг извештајот и националните стратешки документи:

- недискриминација[2],
- борба против говор на омраза[3],
- образование.

За другите области препознаени во Рамковната конвенција[4], Акцискиот план упатува и се потпира на ефикасно спроведување на други релевантни документи за национални политики, вклучително и на Патоказот за владеење на правото, како што и е наведено во Скрининг извештајот.

[2] „Посебно внимание треба да се обрне на заштитата на правата и недискриминаторскиот третман на граѓаните кои припаѓаат на малцинствата или заедниците“, Извештај од скрининг, стр. 67.

[3] „Зголемување на ефикасноста во справувањето со криминалот од омраза и говорот на омраза“, стр. 67. Видете и стр. 59.

[4] Главни столбови на Рамковната конвенција: Правото на само-идентификување; недискриминација и еднаквост; промовирање културна различност; толеранција и меѓукултурен дијалог; заштита од непријателство и насилство со посебен фокус врз борбата против говорот на омраза и криминалот од омраза; медиуми; лингвистички права; образование; учество.

За да се осигури целосна доследност меѓу овие документи, овој Акциски план вклучува и јасни упатувања на документите за релевантните политики и мерките во нив. Акцискиот план се стреми да не ги повторува реформските мерки веќе содржани во тие документи туку да ги дефинира попрецизно и да ги приспособи на потребата да се осигури поконкретна заштита од дискриминација и говор на омраза кон припадници на заедниците чии потреби за заштита не се секогаш исти со потребите на други ранливи групи.

Мерките и активностите во овие три приоритетни области е планирано да се имплементираат во период од три години.

2.2. Процесот на подготовка на Акцискиот план

За подготовка на овој Акциски план, беше формирана меѓусекторска Работна група предводена од Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и составена од претставници на институционалните чинители.

Со цел обезбедување на целосна усогласеност меѓу мерките и активностите од овој Акциски План и наодите од Скринингот извештајот за Кластер 1, како и соодветните одредби од Патоказот за владеење на правото, се вршеше координација со Министерството за европски прашања.

Целиот процес на подготовка се спроведе преку транспарентен, инклузивен и суштински пристап. Се спроведуваа структурирани консултации со домашни и меѓународни експерти, релевантни државни и локални органи, со организации на граѓанското општество, а беше овозможено и пошироко вклучување на претставниците на сите заедници преку Агенцијата за остварување на правата на заедниците и Партиципативниот Форум. Во текот на целиот процес на подготовка, беше обезбедена независна експертска поддршка од Советот на Европа, преку активирање на Механизмот за координација на експертизи на Европската Унија и на Советот на Европа.

Консултативниот процес со претставниците на заедниците започна кон крајот на ноември 2025 година, кога првиот нацрт на планот беше објавен на веб страницата на Агенцијата за остварување на правата на заедниците и истовремено, беше споделен директно со претставниците на заедниците. Тие беа поканети на тематска сесија на Партиципативниот форум на 2 декември 2025 година, која ја организираше Агенцијата. На сесијата имаше големо присуство од страна на организациите на граѓанското општество и здруженијата на сите заедници, како и домашни експерти, експерти од Советот на Европа и претставници на Европската Унија.

На сесијата, учесниците имаа можност да ги споделат своите видувања и препораки по однос на нацрт Планот, а воедно им беше дадена можност да достават детални писмени сугестии и мислења со рок до 10 декември 2025 година. Сите мислења и коментари беа детално анализирани и оние кои беа соодветни се инкорпорирани во документот на крајот на февруари 2026.

Ревидираната верзија на нацрт планот потоа беше доставена на Советот на Европа за понатамошна експертска анализа. По добивање на анализата и сугестиите, планот беше повторно ажуриран и повторно објавен јавно (на 17 март 2026) во пресрет на одржување на втората сесија на Партиципативниот форум на 30 март.

3. Правна и институционална рамка

Земајќи го предвид робусниот уставен, правен и институционален систем на заштита на припадниците на заедниците во Северна Македонија, овој дел од Акцискиот план опфаќа и краток преглед на главните законски и институционални елементи на тој систем, со цел да се овозможи полесно разбирање на меѓусебната поврзаност на мерките, активностите и чинителите одговорни за нивното спроведување како што е дадено во табелата на Акцискиот план подолу.

Правната рамка за заштита и унапредување на правата на припадниците на заедниците, недискриминација и ефикасна еднаквост, е предвидена во Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори[5]. Освен тоа, Северна Македонија има донесена сеопфатна политика и стратешка рамка во ова поле.

Устав: Основните човекови права и слободи на граѓаните што се признаени со меѓународни конвенции се меѓу суштинските идеали на уставниот поредок заснован врз концептот на индивидуални права и граѓанското општество. Правото на недискриминација и ефективна еднаквост е утврдено во член 9 од Уставот: „Граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба.“ Член 48 од Уставот особено се однесува на правата на заедниците: слободно да ги изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет, правото да ги користат националните симболи, право да основаат културни, уметнички и образовни институции и здруженија, право на настава на својот јазик во основното и средното образование. Со уставните измени иницирани со Охридскиот рамковен договор беа донесени низа измени со кои се подобрија правата на заедниците, особено со амандманите од IV до XVIII, што се однесуваат на прашања поврзани со јазиците, правична застапеност, итн.

3.1 Рамка за политики

Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026 година е стратешки документ кој придонесува кон унапредување на состојбата на еднаквоста и недискриминацијата, потенцирајќи го заедништво низ разликите и едно општество за сите, и ги дефинира целите, активностите, мерките, индикаторите и одговорните институции за нејзино спроведување на централно и локално ниво.

Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 година е стратешки документ што дава рамка за целосната еднаквост на жените и мажите како меѓусекторски, хоризонтален и универзален, општествен и политички приоритет**.**

[5] Документи на ОН: Универзална декларација за човековите права; Меѓународна конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација; Универзален договор за економски, социјални, и културни права; Декларација за правата на припадниците на национални или етнички, верски и јазични малцинства; Универзална декларација на УНЕСКО за културна разновидност. Документи на Совет на Европа: Конвенција за заштита на човековите права и основни слободи; Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства; Европска повелба за регионални или малцински јазици (потпишана, не е ратификувана).

Стратегијата за регионален развој 2021-2031 година, во втора стратешка цел го вклучува следното: „атрактивни плански региони со подобрени локални услуги, ефикасен пристап до пазарот на труд и повисок степен на родова еднаквост и ефикасна социјална заштита на најранливите групи на население“.

Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 година е продолжување на посветеноста и напорите на Северна Македонија за целосна интеграција на ромската заедница во општеството. Стратегија има 8 приоритетни области за мерки за вработување, домување, образование, здравство, култура, антициганизам, граѓанска регистрација и сиромаштија.

Националната стратегија за развој на концептот за „Едно општество и интеркултурализам“ од 2020-2022 година е документ што за првпат е подготвен во Северна Македонија, земајќи ја предвид сложената состојба во општеството од различни аспекти **и е прва стратегија за интеркултурализам во Европа**. Со оваа Стратегија се иницираа активности за зајакнување на процесите на комуникација и соработка меѓу заедниците во насока на создавање општество во кое сите ќе се чувствуваат како еднакви членови на општеството. По истекот на важењето на оваа Стратегија, беше усвоена нова - **Стратегија за развој на интеркултурализмот и општествена кохезија,** со Акциски план за периодот 2024-2026. Во тек е изработка на стратегија за следниот период.

3.2 Правна рамка

Законската рамка со која е уредена заштитата на заедниците и нивните културни, јазични, верски и други идентитети во Северна Македонија е сеопфатна и добро утврдена. Таа, *меѓу другото*, ги опфаќа и следниве закони:

Законот за правата на заедниците кои се помалку од 20 % од населението во Република Северна Македонија: Со Законот се уредува остварувањето, унапредувањето и заштитата на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија, како и надзорот над спроведувањето на одредбите на овој Закон и законите со кои се утврдени тие права. За имплементација на овој закон надлежна е Агенцијата за остварување на правата на заедниците

Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците: Комитетот го основа Собранието на Република Македонија дава насоки за избирање и состав на Комитет за односи меѓу заедниците, како и одредба за користење на таканаречената двојно мнозинство или „*Бадентерово* мнозинство“ при гласање во собранието.

Законот за локална самоуправа: Член 55 од Законот предвидува дека во општината во која најмалку 20 % од вкупниот број жители на општината утврден на последниот извршен попис на населението се припадници на одредена заедница се формира комисија за односи меѓу заедниците. Комисијата ја сочинуваат од еднаков број претставници од секоја заедница претставена во општината. Комисијата ги разгледува прашањата кои се однесуваат на односите меѓу заедниците застапени во општината и дава мислења и предлози за начините за нивно решавање. Советот на општината е должен да ги разгледа мислењата и предлозите.

Законот за основното образование: Овој закон им гарантира на заедниците право на образование на нивниот мајчин јазик, како и право да се назначуваат наставници што можат да ги учат учениците од различните заедници на нивниот мајчин јазик. Водењето педагошка документација на јазици различни од македонскиот за припадниците на заедниците; објавувањето и употребата на педагошки

учебници на јазиците на заедниците; како и учеството на членовите на заедниците во комисии за оценување учебници, исто така, се гарантирани со овој закон.

Законот за средното образование: Со Законот е уредена организацијата, функционирањето и управувањето на средното образование. Гарантирано е правото на образование на јазикот на националното малцинство. Исто така, гарантирано е и издавањето свидетелства на јазикот на националното малцинство и одобрување педагошки учебници на јазикот на малцинството.

Законот за учебници за основно и средно образование: Со овој закон е уредено подготвувањето и одобрувањето на учебници за основно и средно образование. Следењето и проценатa на употребата на овие учебници во образовни активности, исто така, е гарантирано.

Законот за културата*:* Со овој закон се утврдени елементите на културата што се сметаат за суштински вредности на државата. Еден од приоритетите е „овозможување услови за остварување и заштита на културниот идентитет на заедниците“ во Република Северна Македонија.

Законот за употреба на јазиците*:* Законот ја уредува употребата на јазиците на малцинствата што ги зборуваат најмалку 20% од населението на државно ниво или во различните единици за локална самоуправа.

Законот за употреба на знамињата на заедниците во Република Северна Македонија: Законот го уредува начинот на кој заедниците во Северна Македонија можат да употребуваат знамиња за да го изразат својот идентитет и карактеристики во јавноста, службениот и приватниот живот.

Закон за спречување и заштита од дискриминација: Со законот се забранува дискриминација во сите сектори (вработување, образование, домување, услуги) на следните основи: раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа. Со овој закон се усогласува националното законодавство со стандардите на Европската Унија со цел да се обезбедат еднакви права за сите граѓани.

Законот за празниците: Покрај тоа што Законот ги утврдува државните празници во Северна Македонија, празниците на државата, утврдува и празници кои ги празнуваат за припадниците на верските и националните заедници.

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги: Унапредување и заштита на културниот идентитет, јазикот и традицијата на заедниците, почитување на разликите меѓу нив, како и промовирање на културата на јавен дијалог се наведени меѓу целите на Законот. Во оваа смисла, законот ги пропишува овие вредности како дел од начелата што треба да ги почитуваат аудио и аудиовизуелните медиумски услуги при извршувањето на нивната работа; го наведува бројот на радио и телевизиски станици на јазиците на заедниците што ги емитува Јавниот радиодифузен сервис, со посебен акцент на улогата на сервисот за негување и разбирање на културниот идентитет на заедниците, како и зајакнување на меѓусебното разбирање и толеранција меѓу заедниците.

3.3. Институционална рамка

Институционалната рамка за спроведување на горенаведената правна рамка се состои од следниве институции и/или тела:

Комитетот за односи меѓу заедниците: Основан врз основа на Амандман XII од Уставот, кој упатува на член 78, Комитетот разгледува прашања за односи меѓу заедниците во републиката и прави процени и дава предлози за нивно решавање. Собранието на Република Северна Македонија е обврзано да ги разгледа опциите и предлозите на Комитетот.

Министерството за односи меѓу заедниците: Меѓу другото ги промовира правата и идентитетите на припадниците на заедниците, ги следи јазичните права и односите меѓу заедниците на сите нивоа, подготвува извештаи и препораки за Владата и релевантните тела и ја поддржува правичната застапеност при вработувањето. Исто така, во состав на Министерството се: **Управата за** развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците и Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Северна Македонија.

Агенцијата за остварување на правата на заедниците: Основната цел на Агенцијата се остварувањето, унапредувањето, заштитата и надзорот над остварувањето на правата на припадниците на заедниците кои помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија, загарантирани со Уставот, промовирање на меѓусебното разбирање и толеранција на сите заедници заради одржување, негување и зајакнување на општествената кохезија. Агенцијата го следи спроведувањето на законите поврзани со правата на заедниците што сочинуваат помалку од 20 % од населението како и извршувањето и спроведувањето на активностите поврзани со унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците. Агенцијата соработува со невладини и други организации кои се занимаваат со правата на заедниците, како и со единиците на локална самоуправа и со свои мислења и препораки учествува во решавањето на прашањата поврзани со остварувањето на правата на припадниците на заедниците преку *Партиципативниот форум* – неформално, советодавно и консултативно тело составено од претставници на здруженијата на граѓани од заедниците и претставници на органи на државна управа и релевантни институции.

Комисии за односи меѓу заедниците (КОМЗ): Член 55 од Законот за локалната самоуправа го предвидува создавањето на Комисија за односи меѓу заедниците (КОМЗ). Во општини во кои најмалку 20 % од вкупниот број жители на општината (според последниот извршен попис на населението) се припадници на одредена заедница се формира Комисија, која ја сочинуваат подеднаков број претставници од секоја заедница застапена во општината. Начинот на избор на членовите на КОМЗ се уредува со статут. Комисијата ги разгледува прашањата кои се однесуваат на односите меѓу заедниците. Општинските совети се обврзани да ги разгледаат мислењата и предлозите на КОМЗ при донесување одлуки.

Канцеларијата на Народниот правобранител: Уставот и Законот за народниот правобранител ги уредуваат правата и одговорностите на Народниот правобранител. Народниот правобранител е одговорен за заштита на уставните и законските права на граѓаните и други лица кога се прекршени од дела, дејства и изоставања од државните тела и други организации со јавен авторитет. Народниот правобранител презема дејства и мерки за да ги заштити начелата на недискриминација и правична застапеност на заедниците на државно ниво, во тела на локалната самоуправа и јавните институции.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација: Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е самостоен и независен орган што работи во согласност со надлежностите утврдени со Законот за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД) во насока на реализирање на своите надлежности, афирмирање на човековите права во општеството и градење на стекнување кредибилност. Составена е од 7 членови што ги избира Собранието.

Меѓуресорското тело за човекови права е основано со Одлука на Владата во 2012 година (Службен весник 55/12) и е надлежно за јакнење на меѓусебната координација во областа на човековите права на сите надлежни министерства и органи во Владата. Исто така, работи на размена на информации и податоци и реализирање на препораките содржани во извештаите на надлежните комитети на ОН, Советот на Европа, Европската Унија и други меѓународни организации и дава предлози за подобрување на националната законска регулатива од областа на човековите права. Воедно, може да даде и други предлози до Владата од значење за унапредувањето на човековите права во земјата.

Националното координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област е основано со Одлука на Владата од март 2018 година и е реконституирано во 2025 со Одлука на Влада Службен Весник 4/25. Телото е составено од Координатор, заменик координатор, 63 члена, претставници на државни институции, единици на локалната самоуправа, здруженија, синдикати, здруженија на работодавци, независни експерти. Националното координативно тело има неколку задачи. Тоа го промовира концептот за еднаквост и недискриминација во сите јавни институции преку предлагање на мерки на годишно ниво. Исто така, ја следи интеграцијата на концептот во секторските политики во соработка со социјалните партнери и институциите од поединечните области. Освен тоа, Телото го следи напредокот на хармонизација на националното законодавство со законодавството на Европската Унија и европските стандарди од областа на еднаквост и недискриминација. Дополнително, тоа ги следи периодичните извештаи од државните институции и ја следи реализацијата на законските, подзаконските и други стратешки документи во ова поле. Исто така, Телото ги следи препораките на меѓународната заедница во областа на еднаквост и недискриминација и да утврдува приоритети на годишно ниво.

4. Следење и евалуација

Процесот на следење и евалуација на спроведувањето на овој Акциски план ќе се одвива на транспарентен и инклузивен начин. Ќе се одвива во рамките на Меѓуресорското тело за човекови права, востановено со одлука на Владата во 2012 година (Службен весник бр. 55/12) и е координирано и раководено од Министерството за надворешни работи и надворешна трговија. Ова тело работи согласно свој Деловник за работа и е составено од претставници на институциите кои имаат надлежност во областа на заштитата и унапредувањето на човековите права, вклучително и тие надлежни за спроведување на мерките и активностите од овој План[6].

[6] Сегашниот состав на Меѓуресорското тело е како што следи: претседавач Министер за надворешни работи и претставници на следните институции: Министерство за надворешни работи, правда, труд и социјална политика, МВР, образование и наука, здравство, Секретаријат за европски прашања, секретаријат за спроведување на

Со цел доследно следење и евалуација на спроведувањето на Планот, тековниот состав на телото и Деловникот ќе бидат соодветно изменети (види Конкретна цел 1), за да ги опфати сите надлежни институции утврдени со овој Акциски план, како и други релевантни чинители.

Телото е надлежно за јакнење на меѓусебната координација во областа на човековите права на сите надлежни министерства и органи во Владата. Исто така, тоа работи на размена на информации и податоци и реализирање на препораките содржани во извештаите на надлежните комитети на ОН, Советот на Европа, Европската Унија и други меѓународни организации и дава предлози за подобрување на националната законска регулатива од областа на човековите права. Воедно, може да даде и други предлози до Владата од значење за унапредувањето на човековите права во земјата.

Во контекст на остварување на процесот на следење и евалуација на спроведувањето на Акцискиот план, Меѓуресорското тело ќе се состанува и ќе ја разгледува имплементацијата на планот најмалку двапати годишно. Пред состаноците, надлежните институции ќе треба да доставуваат извештаи за спроведувањето на мерките. Меѓуресорското тело ќе прави пресек на напредокот во имплементацијата на планот и ќе усвојува извештај, кој ќе содржи евентуални препораки, предлози и севкупна оценка за спроведувањето.

Извештаите од работата на Меѓуресорското тело ќе бидат доставувани до Владата и до релевантните работи групи во рамките на националната преговарачка структура за преговорите со ЕУ.

За да се обезбеди инклузивност во процесот на следењето и евалуацијата, Агенцијата за остварување на правата на заедниците, пред редовните состаноци на Меѓуресорското тело, ќе организира седници на Партиципативниот форум со претставници на здруженијата на заедниците, каде ќе се разгледува спроведувањето на мерките од Акцискиот план. Форумот ќе усвојува заклучоци и препораки, кои ќе бидат презентирани пред Меѓуресорското тело и соодветно ќе се земат предвид во неговите редовни извештаи.

Во текот на спроведувањето на Акцискиот план, во работата на Меѓуресорското тело и на Партиципативниот форум, ќе биде вклучена и експертиза и поддршка од Советот на Европа, со што ќе се обезбеди дека спроведувањето е во согласност со релевантните стандарди во оваа област.

5. Средства за спроведување

Спроведувањето на овој Акциски план ќе се обезбеди со соодветни, предвидливи и одржливи ресурси. Главниот извор на финансирање ќе биде обезбеден од Владата, главно преку постојните програми и буџетски ставки на надлежните министерства, агенции и други јавни

Рамковниот договор, Народен правобранител, Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи, Државен завод за статистика, дирекција за заштита на лични податоци, Агенција за остварување на правата на заедниците, Совет за радиодифузија.

институции, имајќи предвид дека многу од мерките од овој План се надополнување на тековните обврски и планираните активности на овие институции.

Владата ќе обезбеди финансиска изводливост на Акцискиот план преку соодветни алокации во рамки на редовниот годишен буџетски процес. Каде што е соодветно, средствата од државниот буџет може да бидат дополнети со поддршка од Европската Унија, Советот на Европа, меѓународни донатори и други законски извори, во согласност со националното законодавства.

5.1 Преглед на трошоци и финансирање

Во фазата на процесот на усвојување на овој Акциски план од страна на Владата, ќе се изготви краток и практичен преглед на трошоците и финансирањето на партиципативен начин, со вклучување на сите надлежни институции. Овој преглед ќе биде приложен како анекс кон Акцискиот план и ќе се ажурира на годишно ниво, врз основа на повратните информации од институциите, инкорпорирани во полугодишните извештаи за спроведување подготвени од Меѓуресорското тело за човекови права.

5.2 Годишно планирање и финансиска отчетност

Секоја институција определена како носител на мерка или активност во Акцискиот план, во рамки на своето годишно планирање на работата и подготовка на буџетот, ќе ги вклучи активностите од својата надлежност во годишната програма за работа и во буџетското барање, при што јасно ќе наведе која програма и која буџетска ставка ќе се користи (на пр. вработување, обуки, информирање и подигнување на свеста, материјали, ИТ/податоци, истражувања, грантови/проекти).

Понатаму, институциите ќе бидат одговорни редовно да известуваат за реализираните трошоци поврзани со овој Акциски план, како дел од процесот на следење на неговото спроведување. Телото за мониторинг (Меѓуресорското тело за човекови права) ќе ги консолидира овие информации и ќе вклучи краток финансиски преглед во полугодишните извештаи за спроведување.

5.3 Правичен и инклузивен пристап до проектна поддршка (Фонд на финансиски средства)

Фондот на финансиски средства во рамки на Агенцијата за остварување на правата на заедниците, формиран во 2029 година согласно Законот за заштита на правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението, (види Мерка 1.8, Активност 1.8.5) ќе добие дополнителни средства од државниот буџет со цел зголемување на проектната поддршка за остварување и унапредување на правата на лицата кои припаѓаат на заедниците, како и за унапредување на меѓуетничките односи и општествената кохезија.

Пристапот до сите финансиски средства преку Фондот ќе биде правичен, транспарентен и инклузивен, обезбедувајќи еднакви можности за сите заедници, во согласност со Законот за заштита на правата на заедниците и утврдените меѓународни стандарди.

6. Табела на Акцискиот план

ОПШТА ЦЕЛ:

Зајакнување на правата на заедниците и промовирање одржлива општествена кохезија во македонското мултиетничко општество на локално и национално ниво, врз основа на индивидуални права и интеркултурализам

Конкретна цел 1: Дополнително зајакнување на превентивните механизми наменети за борба против дискриминацијата во Северна Македонија

Показатели за резултатите на ниво на конкретна цел	Единица мерка	Извор за потврдување	Основна вредност	Основна година	Целна вредност во 2028 година
Зајакнати капацитетите на Народниот правобранител во делот на спречување и заштита од дискриминација во однос на човечки ресурси и буџет	Систематизација на работни места/Број на вработени административни службеници % на зголемен годишен буџет	Годишен Извештај за работа на Народниот правобранител	2	2025	4
Зајакнати капацитети на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација - во однос на човечки ресурси/акт за систематизација на работни места и буџет	Систематизација на работни места/Број на вработени административни службеници % на зголемен годишен буџет	Годишни извештаи на Комисијата за 2024 и 2026 година Извештаи на Европската комисија против расизам и нетолеранција (ECRI) за 2023 и 2026 година и предлози Извештај на Комесарот на СЕ за човекови права и Петто (Шесто) мислење на Советодавниот	17 од 46 (37 %) од административниот кадар е пополнет 32.000.000,00 денари	2025	Пополнети 55 % од систематизираните работни места 2% зголемување на годишниот буџет

		комитет за Рамковната конвенција за национални малцинства (FCNM)			
Дополнително подобрување на националната законска рамка против дискриминација	Усогласување на законските прописи против дискриминација со правото на ЕУ, меѓународните стандарди и препораки	Анализа за усогласување на националната законодавна рамка со законодавството на ЕУ меѓународните стандарди и препораки	Потребно е дополнително усогласување	2024	Усогласена
Инклузивно и ефикасно следење на имплементацијата на Акцискиот план	Изменета владина одлука за состав на Меѓуресорското тело за човекови права Изменет Деловник за работа на Меѓуресорското тело	Службен весник	Одлука на Влада во 2012 (Службен весник 55/12)	2025	Усвоена изменетата одлука на Влада Изменет Деловник за работа

Мерка 1.1: Дополнително подобрување на законската рамка против дискриминација во Северна Македонија што делумно се однесува на припадниците на заедниците. (Референтна мерка RoLRDM III F Недискриминација)	
Период на спроведување 2026-2028	Тип на мерката: законодавна
Законодавство што треба да се измени за спроведување на мерката:	Закон за народниот правобранител, Кривичен законик, Национална стратегија за еднаквост и недискриминација за периодот 2026-2030 година, национални акциски планови (2026-2028) (приоритетни области: антициганизам, здравство и образование) врз основа на Стратегијата за инклузија на Ромите (2022-2030), Закон за правична застапеност, Закон за здруженија и фондации, Закон за спречување и заштита од дискриминација

Показатели на резултатите	Единица мерка	Извор за потврдување	Основна вредност	Основна година	Целна вредност во 2028 година
Усогласување на законските прописи против дискриминација со правото на ЕУ, меѓународните стандарди и препораки вклучително и осигурување внатрешна кохерентност на домашното законодавство против дискриминација. Прифаќање на Препораките на КМ на СЕ за борба против говорот на омраза и криминалот од омраза. Забрана за јавно поттикнување на насилство, омраза или дискриминација врз основа на раса/етничка припадност, религија, верувања или националност; Криминализација на расно или верски мотивирани јавни навреди, закани или клевети; одредби против поттикнување, помагање или поттикнување на такви прекршоци; и забрана за расно профилирање	Позитивна оцена	Анализа за усогласување на националната законодавна рамка со законодавството на ЕУ меѓународните стандарди и препораки	Потребно е дополнително усогласување	2026	Усогласена
Измени на Законот за Народниот правобранител донесени во согласност со Париските принципи за статусот на националните институции и со Венецијанските принципи за институциите на	Позитивна оцена	Извештај на ECRI/FCNM Одлука објавена во службен весник	Во собраниска процедура	2026	2028

Народниот правобранител со цел да се стекне статус А за Народниот правобранител					
Национална стратегија за еднаквост и недискриминација за периодот 2027-2032 година	Да/Не	Министерство за социјална политика, демографија и млади	Не	2026	2026
Национални планови (2026-2028) (приоритетни области: антициганизанм, здравство и образование) врз основа на Стратегијата за инклузија на Ромите (2022-2030 што треба да се донесе)	Да/Не	Министерство за социјална политика, демографија и млади	Не	2025	2026

Активност:	Институција одговорна за спроведувањето	Партнери за спроведување	Период за спроведување
1.1.1. Усогласување на законодавството против дискриминација во согласност со правото на ЕУ и други меѓународни стандарди и вклучување одредби против дискриминација: **Закон за правична и соодветна застапеност** **Закон за народниот правобранител** **Донесување нов закон за здруженија и фондации**, во согласност со правото на ЕУ и европските стандарди за зајакнување на контролата за време на регистрирањето на здруженијата, во процес на широки	Влада Министерство за правда Министерство за социјална политика, демографија и млади	Национално координативно тело формирано за следење и надзор на спроведувањето на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација Комисија за спречување и заштита од дискриминација Канцеларија на Народниот правобранител Партиципативен форум	III тромесечје 2026- IV тромесечје 2028

консултации со граѓанското општество и консултации со Венецијанската комисија **Закон за спречување и заштита од дискриминација** Измени на законот за превенција и заштита од дискриминација, вклучително и заради негово усогласување со Директивата (ЕУ)2024/1499 и Директивата 2024/1500 за минимални стандарди за телата за еднаквост			
1.1.2 Целосно усогласување на националното законодавство со стандардите утврдени во Законот за спречување и заштита од дискриминација	Министерство за социјална политика, демографија и млади Комисија за спречување и заштита од дискриминација	Национално координативно тело формирано за следење и надзор на спроведувањето на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација Партиципативен форум	2028
1.1.3. Измени на Законот за Народниот правобранител донесени во согласност со Париските принципи за статусот на националните институции и со Венецијанските принципи за институциите на Народниот правобранител со цел да се стекне статус А за Народниот правобранител	Собрание Министерство за социјална политика, демографија и млади	Канцеларија на Омбудсманот	2026
1.1.4. Одлука на Владата за изменување на тековниот состав на Меѓуресорското тело со цел да ги вклучи сите надлежни институции и изменет Деловник за работа на телото	Влада Министерство за надворешни работи и надворешна трговија	Меѓуресорско тело за човекови права	III тромесечје 2026

НАЦРТ

Мерка 1.2.: Дополнително усогласување на националното законодавство со меѓународните и европските стандарди што се однесуваат на правото на самоидентификување на припадниците на заедниците					
Период на спроведување 2026-2028		Тип на мерката: законодавна			
Законодавство што треба да се измени за спроведување на мерката:		Закон за правична застапеност			
Показатели на резултатите	Единица мерка	Извор за потврдување	Основна вредност	Основна година	Целна вредност
Донесување Закон за правична застапеност, усогласен со стандардите за самоидентификување и воведување на потребните промени во другите законодавни акти и прописи	Да/Не	Службен весник Мислење на Венецијанската комисија	Во владина процедура	2025	2028

Активност:	Институција одговорна за спроведувањето	Партнери за спроведување	Период за спроведување
1.2.1. Донесување на Законот за правична застапеност од Собранието на Северна Македонија	Влада	Заменик претседател на Владата задолжен за добро владеење	2027
1.2.2. Усогласување на законите во областите на државната и јавната администрација и јавниот сектор со усвоениот Закон за правична застапеност (Закон за административни службеници; Закон за вработени во јавниот сектор)	Министерство за јавна администрација	Заменик претседател на Владата задолжен за добро владеење	2027

1.2.3 Донесување подзаконски акти, согласно Законот за правична застапеност со цел воспоставување на конкретни критериуми за правична застапеност со целосно почитување на системот базиран на заслуги.	Влада	Заменик претседател на Владата задолжен за добро владеење	2027

Мерка 1.3. : Зајакнување на институционалните капацитети за спречување и заштита од дискриминација со цел поефикасна заштита на припадниците на заедниците (референтна мерка RoL RDM III. F. недискриминација)					
Период на спроведување 2026-2028		Тип на мерката: законодавна/градење капацитети			
Показатели на резултатите	Единица мерка	Извор за потврдување	Основна вредност	Основна година	Целна вредност во 2028 година
Зајакнати капацитети на Комисијата преку пополнување на отворените позиции соодветно на актот за систематизација на работни места.	% на пополнети отворени позиции Акт за систематизација	Годишен извештај на КСЗД	37 % Тековен акт за систематизација	2025	55 % Усвоен нов акт за систематизација
Зголемени професионалните капацитети преку обука за меѓународни стандарди за човекови права, правниот систем на Европскиот суд за човекови права и националната законска рамка и механизам за антидискриминација и криминал од омраза и говор на омраза, вклучително и преку	% на обучен кадар на КСЗД% на полициски службеници %на судии %на стр. соработници во судовите %на обвинители	Годишен извештај на КСЗД	20 %	2025	80 %

заеднички обуки со полициски службеници, обвинители и судии.	% на стр. соработници во обвинителство				
Подобрена видливост на Комисијата	Број на организирани состаноци/работилници (годишно)	Годишен извештај на КСЗД Организирање на кампањи за подигање на свеста со Фудбалска федерација со цел намалување на предрасудите меѓу разните етнички заедници	0 Не	2025 2025	2 Да
Осигурување редовна и ефективна координација на Комисијата со Канцеларијата на Народниот Правобранител	Број на организирани средби (годишно) за темата заштита на правата на заедниците	Годишен извештај на КСЗД	0	2025	4 годишно

Активност:	Институција одговорна за спроведувањето	Партнери за спроведување	Период за спроведување
1.3.1 Подготовка на нова функционална анализа и усвојување на нов Акт за систематизација	Комисија за спречување и заштита од дискриминација	Министерство за финансии Министерство за јавна администрација	III тромесечје 2026 – II тромесечје 2027
1.3.2. Зајакнување на административните капацитети на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација преку редовно вработување дополнителен кадар.	Комисија за спречување и заштита од дискриминација	Министерство за финансии	III тромесечје 2026 - IV тромесечје 2028

1.3.3. Зајакнување на независноста и ефикасноста на Комисијата преку обезбедување нужни буџетски средства во согласност со препораката на ECRI	Комисија за спречување и заштита од дискриминација	Министерство за финансии	III тромесечје 2026 - IV тромесечје 2028
1.3.4. Обезбедување континуирана обука за кадарот на Комисијата во однос на меѓународните стандарди за човекови права, правниот систем на Европскиот суд за човекови права, вклучително и преку заеднички обуки со полициски службеници, обвинители и судии.	Комисија за спречување и заштита од дискриминација	Академија за судии и јавни обвинители Министерство за внатрешни работи Релевантни меѓународни организации, како ОБСЕ, ЕУ, СЕ и други	IV тромесечје 2026 - IV тромесечје 2028
1.3.5. Зголемување на видливоста на Комисија со цел да се подобри пристапот до правдата за жртви на дискриминација, меѓу другото и преку промотивни кампањи, теренски посети и соработка со локалната самоуправа.	Комисија за спречување и заштита од дискриминација	АААВМУ Фудбалска федерација на Македонија Релевантни меѓународни организации, како ОБСЕ, ЕУ, СЕ и другиГО	III тромесечје 2026 - IV тромесечје 2028
1.3.6. Обезбедување на редовна и ефективна координација меѓу Канцеларијата на Народниот правобранител и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, преку организирање на координативни состаноци и соработка во активности за зголемување на свеста и градење капацитети.	Комисија за спречување и заштита од дискриминација	Канцеларија на Народниот правобранител	III тромесечје 2026 - IV тромесечје 2028

Мерка 1.4. Зголемување на свеста за недискриминација на припадници на заедниците и промовирање еднаквост (референтна мерка RoL RDM III F Недискриминација)	
Период на спроведување 2026-2028	Тип на мерката: зголемување на свесноста

Показатели на резултатите	Единица мерка	Извор за потврдување	Основна вредност	Основна година	Целна вредност во 2028 година
Зголемена свесност за недискриминација и промовирање еднаквост	Број на таргетирани сектори и број на обучени луѓе	Годишен извештај на КСЗД	0 активности 0 сектори	2026	1. здравствен сектор 2. образовен сектор 3. работодавци во приватниот сектор 4. јавна администрација 5. органи за спроведување на законот 6. судство (национални и локални)

Активност:	Институција одговорна за спроведувањето	Партнери за спроведување	Период за спроведување
1.4.1. Развивање кампањи за зголемување на свесноста за недискриминација за припадници на малцинствата во следните сектори: здравствен, образовен, работодавците во приватниот сектор, јавната администрација, секторот за спроведување на законот и судството.	Национално координативно тело за антидискриминација	ГО	III тромесечје 2026-III тромесечје 2028
1.4.2. Спроведување кампањи за зголемување на свесноста за недискриминација за припадници на малцинствата во здравствениот сектор, образовниот сектор, работодавците во приватниот сектор, јавната администрација.	Национално координативно тело за антидискриминација	ГО	IV тромесечје 2026- III тромесечје 2028

Мерка 1.5. : Подобрување на професионалните капацитети на полициските службеници, судии и обвинители за справување со предмети на дискриминација на припадници на заедниците (референтна мерка RoLRDM III. F. недискриминација)

Период на спроведување 2026-2028		Тип на мерката: градење капацитети			
Показатели на резултатите	Единица мерка	Извор за потврдување	Основна вредност	Основна година	Целна вредност во 2028 година
Полициски службеници обучени да препознаат, истражуваат и соодветно да внесуваат податоци за случаи на дискриминација во системот за управување со случаи, вклучително и податоци за случаи на дискриминација на припадници на заедниците.	Број на обучени полициски службеници	Извештај за спроведување на овој АП	0	2025	120
Судии, обвинители и нивните соработници обучени да препознаат, истражуваат, кривично да гонат, казнуваат и соодветно да внесуваат податоци за предмети на дискриминација, вклучително и податоци за предмети на дискриминација на припадници на заедниците.	Број на судии, обвинители и нивните обучени асистенти	Извештај за спроведување на овој АП	0	2025	80

Активност:	Институција одговорна за спроведувањето	Партнери за спроведување	Период за спроведување
1.5.1. Обучување на полициски службеници за да ги зголемат нивните вештини за препознавање, истражување и спречување етничко профилирање и дејствување во врска со случаи на дискриминација во системот на управување со случаи, вклучително и податоци за случаите на дискриминација на припадници на заедниците.	Министерство за внатрешни работи Центар за обука на МВР	Национално координативно тело за антидискриминација ГО Академска заедница	III тромесечје 2026 - IV Т 2028
1.5.2. Обучување на обвинители, судии и нивните асистенти за да ги зголемат нивните вештини за препознавање, истражување, кривично	Академија за судии и јавни обвинители	Национално координативно тело	IIII тромесечје 2026 - IV 2028

гонење, казнување и правилно внесување на податоците за предмети на дискриминација во системот на управување со предмети, вклучително и податоци за предметите на дискриминација на припадници на заедниците		за антидискриминација ГО Академска заедница	
1.5.3. Континуирано следење на обвинителската и судската практика во предмети на дискриминација преку годишните извештаи на Мрежата за спречување дискриминација, вклучително и разложени податоци за дискриминација на припадниците на заедниците и препораките за подобрување.	Министерство за правда	Академска заедница ГО Мрежа за недискриминација	III тромесечје 2026 - IV тромесечје 2028 г.

Мерка 1.6.: Осигурување еднакви можности во однос на промоција на интеркултурализам					
Период на спроведување 2026-2028		Тип на мерката: градење капацитети/зголемување на свеста			
Законодавство што треба да се измени за спроведување на мерката:					
Показатели на резултатите	Единица мерка	Извор за потврдување	Основна вредност	Основна година	Целна вредност во 2028 година
Обезбедена поддршка за реализирање на проекти и зголемено ниво на интер-културен дијалог во земјата, за заедниците помалку од 20%	Број на одобрени/финансирани проекти годишно	Годишен извештај на Министерството за култура и туризам	31 проект 7.906.300,00 ден	2025	+/- 40 проекти +/- 10.000.000,00 ден 25% зголемување

Активност:	Институција одговорна за спроведувањето	Партнери за спроведување	Период за спроведување

1.6.1. Поддршка за реализирање на проекти и иницијативи насочени кон развој на интеркултурниот дијалог и унапредување на културата на заедниците	Министерство за култура и туризам	Културни институции и други владини институции Здруженија на единици на локална самоуправа, Невладини организации, Поединци	III тромесечје 2026 - IV тромесечје 2028

Мерка 1.7. : Дополнително подобрување на јазичните права на припадниците на заедниците					
Период на спроведување 2026-2028		Тип на мерката: законодавна и градење на капацитети			
Показатели на резултатите	Единица мерка	Извор за потврдување	Основна вредност	Основна година	Целна вредност во 2028 година
Ратификување на Европската повелба за регионални или малцински јазици	Да/Не	Службен весник	Не	2025	Да
Зајакнати човечки ресурси на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните (преку вработување на дополнителни стручни лица и административен кадар врз основа на актот за систематизација на работните места)	Вработен кадар	Годишен извештај на Агенцијата	Планирани/вработени Вкупно 78/36 Сектор за превод и лектура (25/12) Сектор за планирање, координација и развој (17/6)	2023	Сектор за превод и лектура (25/17) Сектор за планирање, координација и развој (17/10)

Активност:	Институција одговорна за спроведувањето	Партнери за спроведување	Период за спроведување
1.7.1. Ратификација на Европската повелба за регионални или малцински јазици и дополнително усогласување на националното законодавство.	Собрание	Министерство за надворешни работи и надворешна трговија Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните на Република Северна Македонија Агенција за остварување на правата на заедниците Комитет за односи меѓу заедниците	2028
1.7.2. Развој на механизам за постојано вработување за дополнителни преведувачи и двојазичен/повеќејазичен кадар во институциите на национално и локално ниво преку овозможување на неопходните буџетски средства и за да се осигури достапноста на клучни форми и документи на јазиците на националните малцинства, каде што е применливо.	Агенција за остварување на правата на заедниците Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните на Република Северна Македонија	Министерство за финансии	IV тромесечје 2027
1.7.3. Подобрување на човечките ресурси на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните преку вработување дополнителни професионалци и административен кадар и обезбедување на неопходните буџетски средства.	Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните	Министерство за финансии	I тромесечје 2027 - IV тромесечје 2028

Мерка 1.8. : Зајакнување на општествената кохезија во општеството преку развој на еднакви можности за заедниците					
Период на спроведување 2026-2028		Тип на мерката: политики и градење на капацитети			
Показатели на резултатите	Единица мерка	Извор за потврдување	Основна вредност	Основна година	Целна вредност во 2028 година
Зголемен број комисии за односи меѓу заедниците формирани во локалните самоуправи со помалку од 20 % застапеност	Број на комисии каде што е подобно/во согласност со законот	Извештај на Министерството за локална самоуправа Извештаи од партиципативниот форум (Акт.1.8.1) Извештаи за спроведување на овој акциски план Извештаи на ОБСЕ	TBD	2025	TBD
Зајакнување на Агенцијата за остварување на правата на заедниците во однос на човечки ресурси и буџет	Акт за систематизација/Број на вработени службеници во Агенцијата % на зголемен годишен буџет	Годишни извештаи на Агенцијата	18 out of 45 (40%) пополнети места од службеници Буџет за 2025 17.6 мил. денари	2025	Буџет 24 мил. денари +12.5 мил. мкд
Обезбедување на конзистентна буџетска поддршка за сесиите на Партиципативниот форум	Организирани до три форуми годишно	Годишни извештаи на Агенцијата	2	2025	3 партиципативни форуми годишно

Обезбедување на конзистентна буџетска поддршка за програмите и проектните активности на здруженијата на граѓани под 20 проценти	Број на поддржани проекти годишно Висина на алоциран буџет (годишно)	Годишни извештаи на Агенцијата	100.000 денари	2025	20 годишно 12.5 мил денари
Подигнување на видливоста на Агенцијата и нејзините надлежности	Број на теренски посети, промотивни кампањи и настани Подобрена веб страница на Агенцијата	Годишни извештаи на Агенцијата	4	2025	8-10 per year

Активност:	Институција одговорна за спроведувањето	Партнери за спроведување	Период за спроведување
1.8.1. Зајакнување на институционалните капацитети на Агенцијата за остварување на правата на заедниците – во однос на човечки ресурси и буџет	Агенција за остварување на правата на заедниците	Министерство за финансии Министерство за јавна администрација	III тромесечје 2026 - IV тромесечје 2028 г,.
1.8.2. Зајакнување на Партиципативниот форум преку конзистентна буџетска поддршка	Агенција за остварување на правата на заедниците	Министерство за финансии ГО	III тромесечје 2026 - IV тромесечје 2028 г,.
1.8.3. Зајакнување на Партиципативниот форум преку измена на Методологијата за Партиципативниот форум и алоцирање на средства за најмалку 2 форуми годишно	Агенција за остварување на правата на заедниците	Министерство за финансии ГО	II Q 2026 - IV Q 2028

1.8.4. Проширување на членовите на Партиципативниот форум со претставници на други етнички заедници во земјата	Агенција за остварување на правата на заедниците	Партиципативен Форум	III тромесечје 2026
1.8.5. Зголемена буџетска поддршка на Фондот за имплементација на специјални програми и проекти за реализација и промоција на правата на припадниците на заедниците и унапредување на меѓуетничките односи и општествената кохезија	Агенција за остварување на правата на заедниците	Министерство за финансии ЕУ, Совет на Европа, меѓународни донатори и останати извори	III тромесечје 2026 – IV тромесечје 2028
1.8.6. Унапредување на видливоста на Агенцијата преку промотивни кампањи, настани и теренски посети на заедниците на локалната самоуправа Подобрена веб страница на Агенцијата	Агенција за остварување на правата на заедниците	ЗЕЛС Медиуми Организации од граѓанското општество	III тромесечје 2026 - IV тромесечје 2028
1.8.7. Поттикнување на процесот за формирање и функционирање на комисиите за односи меѓу заедниците во рамките на локалните самоуправи следејќи ги добрите практики во локалните самоуправи што имаат веќе утврдени комисии.	Здружение на единиците на локалните самоуправи	Министерство за локална самоуправа	II тромесечје 2026 - IV тромесечје 2028
1.8.8. Зголемување на поддршката за програмите со кои се градат вештини за вработување на припадниците на заедниците под 20%, особено жените и лицата што се под поголем ризик од невработеност, како повеќекратно ранливи лица.	Министерство за економија и труд	Агенција за вработување Спроведување на оперативниот план за вработување и активни мерки за вработување	III тромесечје 2026 - IV тромесечје 2028

(Упатување на мерката на RoLRDM III.F недискриминација)			

Конкретна цел 2: Подобрување на механизмите за заштита со посебен фокус врз борбата против говорот на омраза против припадници на заедниците					
Институција одговорна за спроведување и известување: Министерство за правда и Министерство за внатрешни работи, известување: Министерство за правда, Јавно обвинителство					
Показатели за резултатите на ниво на конкретна цел	Единица мерка	Извор за потврдување	Основна вредност	Основна година	Целна вредност во 2028 година
Зголемени капацитети на судството и Јавното обвинителство при гонење и постапување по предмети на говор на омраза	Ажурирана годишна програма на Академијата за обуки за постапување по предмети на говор на омраза, вклучително со против припадниците на заедниците	Годишен извештај на Академијата за судии и јавни обвинители	Тековна годишна програма на Академијата	2025	Ажурирана годишна програма на Академијата
Зголемени капацитети на органите за спроведување на законот во однос на идентификување и процесуирање на расно и етнички мотивирано насилство и говор на омраза	Обучени полициски службеници годишно	Канцеларија на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР): го следи криминалот од омраза низ повеќе држави, нуди алатки и насоки за подобрување на националните одговори. Агенција на Европската Унија за фундаментални права (ФРА): спроведува истражување и дава податоци за дискриминација и	2000	2018	100 %

		криминал од омраза во рамките на ЕУ, помагајќи во развој на политики.			
Подобрена методологија за собирање податоци и зголемување на точноста на официјалната статистика за случаи на говор на омраза (разложени според основи за заштита и заедници)	Да/Не	Годишни извештаи на Јавното обвинителство Годишни извештаи за работата на судовите	Не	2025	Да
Подобрена транспарентност на кривичните постапки во предмети за говор на омраза, со целосна усогласеност со националното законодавство, меѓународните стандарди и гаранции за правично судење, вклучително и пресумпција на невиност.	Соопштенија за јавност или материјали за јавно информирање за тековни и/или завршени предмети за говор на омраза годишно, осигурувајќи анонимизирање и почитување на правата на правично судење	Онлајн медиумски канали на Државното јавно обвинителство и судовите Извештаи на ГО	делумно исполнето	2025	целосно исполнето

Мерка 2.1. : Спречување говор на омраза против лица кои припаѓаат на заедниците во јавниот дискурс преку зајакнување на капацитетите на новинарите и медиумите					
Период на спроведување 2026-2028		Тип на мерката: градење капацитети			
Показатели на резултатите	Единица мерка	Извор за потврдување	Основна вредност	Основна година	Целна вредност во 2028 година

Зголемено знаење и вештини на новинарите во традиционалните, онлајн и социјалните медиуми за препознавање, известување и спречување на говор на омраза и криминал од омраза против припадници на заедниците.	Број на обучени новинари	Извештаи од Здружението на новинари Извештаи на Советот за етика во медиумите	0	2025	60 обучени новинари

Активност:	Институција одговорна за спроведувањето	Партнери за спроведување	Период за спроведување
2.1.1. Развој на пакет алатки за обука во полето на говор на омраза со посебен фокус на заштита на припадниците на заедниците (програма, план и материјали за обука) за новинари врз основа на онлајн-курсеви врз основа на HELP/ECRI алатките за говор за човекови права	Здружение на новинари	Здружение на јавни обвинители Служба за односи со јавноста на Јавното обвинителство	III-IV тромесечје 2026
2.1.2. Организација на обука за новинари со цел да се зајакнат нивните капацитети за препознавање и некористење на говор на омраза против припадници на заедниците при создавање медиумски содржини, како и учење како да се известува за такви случаи во медиумите.	Здружение на новинари	Здружение на јавни обвинители Служба за односи со медиумите на Јавното обвинителство	I тромесечје 2027 - IV тромесечје 2028
2.1.3. Подготовка и реализирање на обуки за судии и обвинители за информирање на јавноста за предмети за говор на омраза и криминал од омраза против припадници на заедниците	Академија за судии и јавни обвинители	Служба за односи со јавноста на Јавното обвинителство Здружение на јавни обвинители Здружение на новинари	III тромесечје 2026 -IV тромесечје 2028

2.1.4. Континуирано ажурирање на насоките за известување за различностите за да се осигури одразување на различностите во општеството и интекултурализмот во вестите, програмите и креирањето содржини со цел да се спречи говор на омраза во медиумите	Совет етика во медиумите на Македонија	Здружение на новинари	I-IV тромесечје 2027
2.1.5. Јавно распространување информации за предмети за говор на омраза од страна на Службата за односи со јавноста на Јавното обвинителство за да се осигури соодветен пристап до информации за новинарите и прецизно известување за овие случаи во медиумите	Служба за односи со јавноста на Јавното обвинителство	Медиуми	III тромесечје 2026 - IV тромесечје 2027

Мерка 2.2.: Спречување говор на омраза против лица кои припаѓаат на заедниците меѓу јавните службеници (упатување на Мерка III.8.f) во ROLRDM)					
Период на спроведување 2026-2028		Тип на мерката: законодавна			
Законодавство што треба да се измени за спроведување на мерката:		- Кодекс на однесување за пратеници - Кодекс на однесување за членови на Владата - Кодекс на однесување за граѓански службеници			
Показатели на резултатите	Единица мерка	Извор за потврдување	Основна вредност	Основна година	Целна вредност во 2028 година
Изменување на Кодексот за етичко однесување за пратеници врз основа на општата препорака за политики на ECRI за да се опфатат одредби против говор на омраза од пратеници во Собранието и во јавниот говор општо.	Да/Не	Кодекс за етичко однесување за пратеници	Не	2025	Да
Изменување на Кодексот за етичко однесување за членови на Владата за	Да/Не	Извештај за спроведување на овој АП	Не	2025	Да

јасно да се забрани говор на омраза од членови на Владата и во согласност со општата препорака за политики на ECRI		Кодекс за етичко однесување за членовите на Владата			
Кодексот за административни службеници јасно забранува говор на омраза во согласност со општата препорака за политики на ECRI	Да/Не	Кодекс за административни службеници	Не	2025	Да

Активност:	Институција одговорна за спроведувањето	Партнери за спроведување	Период за спроведување
2.2.1. Изменување на Кодексот за етичко однесување за пратеници за да се опфатат одредби против говор на омраза од пратеници во Собранието и во јавниот говор против припадници на заедниците	Собранието		2028
2.2.2. Изменување на Кодексот за етичко однесување за членови на Владата за да се опфатат одредби против говор на омраза од членови на Владата против припадници на заедниците	Владата		2028
2.2.3. Изменување на Кодексот за административните службеници за да се вклучат одредби против говор на омраза	Министерство за јавна администрација		2028

Мерка 2.3.: Зголемување на свесноста за ризиците и штетните последици поврзани со говорот на омраза меѓу населението (Референтна мерка RoLRDM III F Недискриминација)					
Период на спроведување 2026-2028		Тип на мерката: зголемување на свесноста			
Показатели на резултатите	Единица мерка	Извор за потврдување	Основна вредност	Основна година	Целна вредност во 2028 година

Број на градови во кои се спроведени кампањи за млади за зголемување на свесноста за говор на омраза и криминал од омраза на локално ниво во 8 региони на Северна Македонија	Број на градови/региони	Извештај за спроведување на овој АП	0	2025	8
Тематски состаноци на Комисијата за односи со верските заедници посветени на спречување на говорот на омраза и криминалот од омраза во верските групи и заедници што резултираат со донесување на заклучоци и препораки за решавање на постојните предизвици	Број на состаноци годишно	Извештај за спроведување на овој АП	1	2025	2
Модул за медиумска писменост за формалното образование подготвен како помош за јавноста, особено младите, да препознаат, да се спротивстават и да со сузбијат говорот на омраза	Да	Биро за развој на образованието	0	2025	1

Активност:	Институција одговорна за спроведувањето	Партнери за спроведување	Период за спроведување
2.3.1. Развој и спроведување кампањи за зголемување на свесноста за говорна омраза во локалните младински заедници.	Министерство за социјална политика, демографија и млади	Здружение на новинари ГО	III тромесечје 2026 IV тромесечје 2028
2.3.2. Организирање тематски состаноци на Комисијата за односи со верските заедници посветени на спречување на говорот на омраза во верските групи и заедници со јавно осврнување на постојните предизвици	Комисија за односи со верските заедници и групи	Верски заедници, Партиципативен форум при Агенцијата за остварување на правата на заедниците	III тромесечје 2026 IV тромесечје 2028
2.3.3. Развој и спроведување на кампања за зголемување на свесноста за говорот на омраза преку онлајн медиуми и социјални медиуми наменета за зголемување на свесноста на јавноста за ризиците поврзани говорот на омраза	Министерство за социјална политика, демографија и млади	Здружение на новинари ГО	III тромесечје 2026 IV тромесечје 2028

2.3.4. Модул за медиумска писменост во формалното образование за да се зајакне свесноста кај младите, да препознаат, да се спротивстават и да сузбијат говор на омраза	Биро за развој на образованието	Министерство за образование и наука	2028

Мерка 2.4: Подобрување на законската рамка за овозможување ефикасна превенција и спроведување на законот за говор на омраза (упатување на мерката на ROLRDM III.F недискриминација)					
Период на спроведување 2026-2028		Тип на мерката: законодавна			
Законодавство што треба да се измени за спроведување на мерката:		- ЗСЗД - Закон за медиуми - Закон за Народниот правобранител			
Показатели на резултатите	Единица мерка	Извор за потврдување	Основна вредност	Основна година	Целна вредност во 2028 година
ЗСЗД вклучува експлицитна дефиниција за говор на омраза за да се одвои говорот на омраза од други вознемирувачки дејства и да се дефинираат прекршочните казни за говор на омраза во согласност со општата препорака за политики на ECRI бр. 15 и Препораката CM/Rec (2024)16 на Комитетот на министри на Советот на Европа до земјите членки за борба против говорот на омраза	Да/Не	ЗСЗД	Не	2025	Да
Законот за медиуми забранува говор на омраза во онлајн медиуми како прекршочно дело и предвидува одговорност на интернет-посредниците во согласност со Препораката CM/Rec (2024)16 на Комитетот на министри на Советот на Европа до земјите членки за борба против говорот на омраза	Да/Не	Закон за медиуми	Не	2025	Да

Активност:	Институција одговорна за спроведувањето	Партнери за спроведување	Период за спроведување

2.4.1. Да се подготват амандмани на ЗСЗД за да се опфати експлицитна дефиниција за говор на омраза, да се одвои говорот на омраза од други вознемирувачки дејства и да се дефинираат прекршочните казни за говор на омраза во согласност со општата препорака за политики на ECRI бр. 15 и Препораката CM/Rec (2024)16 на Комитетот на министри на Советот на Европа до земјите членки за борба против говорот на омраза.	Министерство за социјална политика, демографија и млади	Национално координативно тело за борба со дискриминација Академска заедница ГО	IV тромесечје 2028
2.4.2. Да се подготват амандмани на Законот за медиуми за да се воведат нови одредби со кои се забранува говор на омраза во онлајн медиуми како прекршочно дело и предвидува одговорност на интернет-посредниците во согласност со Препораката CM/Rec (2024)16 на Комитетот на министри на Советот на Европа до земјите членки за борба против говорот на омраза.	Министерство за дигитална трансформација Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиуми	Здружение на новинари	IV тромесечје 2028 г.

Мерка 2.5: Зајакнување на институционалните и процедуралните механизми за одговор/санкционирање на говорот на омраза против лица кои припаѓаат на заедниците (упатување на мерката III.8.f) во ROLRDM)

Период на спроведување 2026-2028		Тип на мерката: градење капацитети			
Показатели на резултатите	Единица мерка	Извор за потврдување	Основна вредност	Основна година	Целна вредност во 2028 година
Вклучување на говорот на омраза како посебна област во делокругот на работа на еден од заменик-народните правобранители	Да/Не	Годишен извештај на Народниот правобранител	Не	2025	Да
Определување на еден од одделите во рамки на Канцеларијата на Народниот правобранител да постапува по повреди поврзани со говор на омраза	Да/Не	Годишен извештај на Народниот правобранител	Не	2025	Да
Изработка на интерни насоки во рамки на Канцеларијата на Народниот правобранител за навремено реагирање и следење на пријавените случаи на говор на омраза против лица кои припаѓаат на заедниците	Да/Не	Годишен извештај на Народниот правобранител	Не	2025	Да

Активност:	Институција одговорна за спроведувањето	Партнери за спроведување	Период за спроведување
2.5.1. Вклучување на говорот на омраза како посебна област во делокругот на работа на еден од заменик-народните правобранители	Канцеларија на Народниот правобранител	Министерство за финансии Канцеларија на Народниот правобранител	2027
2.5.2. Определување на еден од одделите во рамки на Канцеларијата на Народниот правобранител да постапува по повреди поврзани со говор на омраза	Канцеларија на Народниот правобранител	Министерство за финансии	2028
2.5.3. Изработка на интерни насоки во рамки на Канцеларијата на Народниот правобранител за навремено реагирање на случаи на говор на омраза против лица кои припаѓаат на заедниците, вклучително, но не и ограничено на следново: а) Обезбедување совети и информации за постапките што треба да ги следат жртвите на говор на омраза, вклучително и преку веб-портал. б) Обезбедување навремено реагирање и следење на пријавените случаи, како и давање понатамошни насоки на лицата в) Стандардизирање на постапката за споделување информации и координација со други релевантни институции кои може да примаат или треба да постапуваат по добиени информации за случаи на говор на омраза, како што се МВР, Јавното обвинителство, КСЗД, МНРНТ и др. д) Стандардизирање на собирањето, анализата и редовното објавување на разложените податоци за случаи на говор на омраза, во согласност со Препораката CM/REC(2022)16 на Комитетот на министри до земјите членки за борба против говорот на омраза, член 58-61 ѓ) Стандардизирање на политиката за комуникации со медиумите и поширокаата јавност за случаи на говор на омраза е) Размена на добри практики со земјите членки на ЕУ	Канцеларија на Народниот правобранител	Министерство за внатрешни работи Јавно обвинителство КСЗД МНРНТ ГО	2028

2.5.4. Подобрување на трак-рекордот во Советот за етика на медиумите (СЕММ) и Регистарот на професионални и етички онлајн медиуми против говорот на омраза и водење ажурирана статистика за случаите на говор на омраза во медиумите, вклучително и разложени податоци за говорот на омраза што се однесуваат на припадници на заедниците.	Совет за етика во медиумите на Македонија	Министерство за дигитална трансформација Здружение на новинари Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги	2027
2.5.5. Подобрување на достапноста и свесноста за механизмот за пријавување - онлајн апликацијата „Црвено копче“, промовирана во 2015 година од Министерството за внатрешни работи, преку која можат да се поднесат пријави за говор на омраза преку интернет, како и криминал од омраза, на поедноставен начин преку интернет.	Министерство за внатрешни работи	ГО	II тромесечје 2027 г.
2.5.6. Формирање механизам за поддршка што нуди информации за психолошка, административна и правна помош и поддршка за жртвите на говор на омраза и криминал од омраза	Министерство за правда Министерство за социјална политика, демографија и млади	ГО	III тромесечје 2028 г.
2.5.7. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги продолжува со примена на својата пракса за откривање и санкционирање на говорот на омраза во медиумите под нејзина надлежност	Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги	СЕ, здруженија на медиуми и новинари	Во континуитет
Мерка 2.6.: Подобрени капацитети на полицијата, јавното обвинителство и судовите при постапување во предмети за говор на омраза и криминал од омраза (упатување на мерката III.8.f) во ROLRDM)			
Период на спроведување 2026-2028		Тип на мерката: градење капацитети	

Показатели на резултатите	Единица мерка	Извор за потврдување	Основна вредност	Основна година	Целна вредност во 2028 година
Полициски службеници обучени да препознаат и да направат разлика меѓу криминал од омраза и говор на омраза, да истражуваат и правилно да внесуваат податоци за предмети на говор на омраза против припадници на заедниците во системот за управување со предмети во согласност со меѓународните стандарди и најновите судски практики	Број на обучени полициски службеници	Извештај за спроведување на овој АП Годишен извештај на Министерството за внатрешни работи	0	2025	120
Судии, обвинители и стручните соработници обучени да препознаат и да направат разлика меѓу криминал од омраза и говор на омраза, како и да истражуваат, кривично да гонат, да казнуваат и правилно да внесуваат податоци за предмети на говор на омраза против припадници на заедниците во системот за управување со предмети во согласност со меѓународните стандарди и најновите судски практики	Број на судии, обвинители и нивните обучени асистенти	Годишен извештај на Академијата на судии и јавни обвинители	0	2025	60

Активност:	Институција одговорна за спроведувањето	Партнери за спроведување	Период за спроведување
2.6.1. Ажурирање на обуките за истраги што се однесуваат на криминал од омраза (програма, план и материјали за обука) за полициски службеници за зајакнување на нивната стручност за постапување во предмети на криминал од омраза и за пополнување на податоците во системот за управување со случаи	Центар за обука на Министерството за внатрешни работи	ГО Академска заедница	III тромесечје 2026- III тромесечје 2028 г.

2.6.2. Ажурирање на обуките за истраги, кривично гонење и казнување на криминал од омраза (програма, план и материјали за обука) за судии и јавни обвинители за зајакнување на нивната стручност за постапување во предмети на говор на омраза и за пополнување на податоците во системот за управување со случаи.	Академија за судии и јавни обвинители	ГО Академска заедница	III тромесечје 2026- III тромесечје 2028 г.
2.6.3. Предвидување на потребното приспособување на системот за управување и следење на предметите во Јавното обвинителство за да се осигураат технички предуслови за правилно внесување, собирање, следење и анализа на податоците за предмети на криминал од омраза, од нивното пријавување, преку процесирање до крајниот исход на предметите	Државно јавно обвинителство	Државно јавно обвинителство	III тромесечје 2026- III тромесечје 2028 г.
2.6.4. Континуирано следење на обвинителската и судската практика во предмети на криминал од омраза преку подготвување годишни извештаи, вклучително и разложени податоци за основи за заштита и по заедници	Министерство за правда	Врховен суд Државно јавно обвинителство ГО Академска заедница	III тромесечје 2026 - IV тромесечје 2028 г.

НАЦРТ

Посебна цел 3: Натамошно зајакнување на интеркултурното образование во основните и средните училишта					
Показатели на резултатите на ниво на посебната цел	Мерна единица	Извор на верификација	Основна вредност	Основна година	Целна вредност во 2028 година
Критериумите за интеркултурализам и недискриминација систематски се применуваат при евалуацијата и одобрувањето на учебниците[7]	Примена на методологијата за евалуација на учебниците, вклучително и интеркултурни и недискриминаторски критериуми, при оценувањето на предлог учебниците	Мислења и извештаи на Бирото за развој на образованието и комисиите за разгледување на учебници	Методологија усвоена	2025	Методологијата се применува доследно
Достапност на образованието на јазиците на заедниците и изборните предмети по јазик и култура на заедниците е обезбедена и дополнително поддржана[8]	Следење и поддршка на спроведувањето на наставата на јазиците на заедниците и изборните предмети	Податоци и извештаи на Министерството за образование и наука	Воспоставен систем	2025	Обезбедени се континуирана поддршка и следење

[7] Во 2025 година Министерството за образование и наука усвои нова Методологија за евалуација на учебниците. Методологијата вклучува посебни критериуми со кои се обезбедува учебниците да не промовираат стереотипи или предрасуди и да го одразуваат мултиетничкиот состав на државата, да промовираат еднаквост, почитување на различностите и интеркултурно разбирање. Бирото за развој на образованието дава стручни мислења во процесот на евалуација, додека комисиите за разгледување на учебници ги оценуваат ракописите во согласност со овие критериуми.

[8] Во Северна Македонија образованието се обезбедува на пет наставни јазици: македонски, албански, турски, српски и босански, во сите предмети во основното и средното образование. Дополнително, образовниот систем нуди изборни предмети како што е *„Јазик и култура“* за помалите заедници, вклучително и турската, српската, босанската, влашката и ромската заедница, овозможувајќи им на учениците што припаѓаат на овие заедници да го изучуваат својот јазик и култура од III до IX одделение. Дури и во случаи кога не е исполнет минималниот број на ученици, Министерството за образование и наука може да одобри помали групи со цел да се обезбеди ефективно остварување на правото на изучување на сопствениот јазик и култура.

Мерка 3.1. Понатамошно усогласување на образовната политика и институционалната рамка со релевантните меѓународни стандарди во однос на правото на образование на лицата кои припаѓаат на заедниците	
Период на спроведување: 2026-2028	Тип на мерката: законодавна
Законодавството што треба да се измени за спроведување на мерката:	• Правилник за организација на работата на Министерството

Показатели на резултатите	Мерна единица	Извор на верификација	Почетна вредност	Почетна година	Целна вредност во 2028 година
Усогласеност на образовното законодавство и политиките со релевантните препораки на Советодавниот комитет за Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства.	Да/Не	Службен весник на Република Северна Македонија Извештај на Советодавниот комитет	Не	2025	Да
Зајакнати институционална координација и капацитети за развој и унапредување на образованието на јазиците на заедниците	Да/Не	Годишни извештаи на Министерството за образование и наука и Министерството за односи меѓу заедниците	Не	2025	Да

Активност:	Институција надлежна за спроведување	Партнери во спроведувањето	Период на спроведување
3.1.1. Да се преиспита законодавството и политиките поврзани со образованието и, каде што е потребно, да се воведат измени со цел да се обезбеди усогласеност со релевантните препораки на Советодавниот комитет за Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства	Министерство за образование и наука	ГО Академска заедница	IV квартал 2026 - IV квартал 2028
3.1.2. Да се зајакне институционалната координација помеѓу Министерството за образование и наука и Министерството за односи	Министерство за образование и наука	ГО	IV квартал 2026 - IV квартал 2028

меѓу заедниците во областа на образование на јазиците на заедниците, вклучително и преку соодветни институционални и регулаторни мерки	Министерството за односи меѓу заедниците		

Мерка 3.2.: Зајакнување на пристапот до изучување на јазиците и културите на заедниците преку дигитални алатки за учење и насочена институционална поддршка					
Период на спроведување: 2026-2028		Тип на мерката: јакнење на капацитетите			
Показатели на резултатите	Мерна единица	Извор на верификација	Основна вредност	Основна година	Целна вредност во 2028 година
Развиена и ставена во функција дигитална платформа за учење за јазиците и културите на заедниците за учениците и наставниците[9]	Да/Не	Извештаи за спроведувањето на Акцискиот план Извештаи на Бирото за развој на образованието	Не	2025	Да
Централизирана база на податоци за наставници вклучени во наставата по јазиците и културите на заедниците е воспоставена	Да/Не	Годишни извештаи на Министерството за образование и наука	Не	2025	Да

Активност:	Институција надлежна за спроведување	Партнери во спроведувањето	Период на спроведување

[9] Учениците што припаѓаат на заедниците во Северна Македонија можат да го изучуваат својот јазик и култура како изборен предмет. Поради ограничената достапност на квалификувани наставници и наставни материјали за помалите заедници, ќе се развијат дигитална платформа за учење и централизирана база на податоци за наставници, со цел да се поддржи наставата и да се обезбеди поширок пристап до квалитетни ресурси за учење. Финансирањето на платформата ќе биде обезбедено преку буџетот на Бирото за развој на образованието.

3.2.1 Да се развие и воспостави дигитална платформа за учење за јазиците и културите на заедниците, која ќе содржи стручно изработени наставни материјали, снимени часови и вежби за учениците и наставниците	Биро за развој на образованието / Министерство за образование и наука	ГО Академска заедница	III квартал 2026 - IV квартал 2028
3.2.2 Да се изработат стручно подготвени дигитални материјали за учење и снимени часови за наставата по јазиците и културите на заедниците, наменети за поддршка на наставата во училиштата каде што достапноста на квалификувани наставници и учебници е ограничена	Биро за развој на образованието	ГО Академска заедница	III квартал 2026 - IV квартал 2028
3.2.3 Да се воспостави централизирана база на податоци за наставници вклучени во наставата по јазиците и културите на заедниците, со цел да се поддржат координацијата, планирањето и стручната поддршка за спроведување на овие предмети во училиштата	Биро за развој на образованието Министерство за образование и наука		III квартал 2026 - II квартал 2028

Мерка 3.3.: Поддршка на училиштата во спроведување активности што промовираат интеркултурен дијалог, почитување на различностите и интеракција меѓу учениците од различни етнички и културни средини

Период на спроведување: 2026-2028	Тип на мерката: подигнување на свеста

Показатели на резултатите	Мерна единица	Извор на верификација	Основна вредност	Основна година	Целна вредност во 2028
Училишта поддржани преку годишниот повик на Министерството за активности што промовираат интеркултурен	Број на училишта	Извештаи на Министерството за образование и наука / резултати од јавниот повик	56 училишта	2025	зголемување во однос на основната вредност

дијалог и меѓуетничка интеграција[10]					

Активност:	Институција надлежна за спроведување	Партнери во спроведувањето	Период на спроведување
3.3.1 Училиштата вклучуваат и спроведуваат активности што промовираат интеркултурен дијалог и почитување на различностите во своите годишни училишни програми	Основни и средни училишта	Општини	III квартал 2026 - IV квартал 2028
3.3.2 Тимовите за училишна интеграција организираат активности што поттикнуваат интеракција и соработка меѓу учениците од различни етнички и јазични средини	Основни и средни училишта	Општини	III квартал 2026 - IV квартал 2028
3.3.3 Училиштата организираат активности што ги вклучуваат родителите и се насочени кон промовирање разбирање и почитување на различностите	Основни и средни училишта	Совети на родители; општини	III квартал 2026 - IV квартал 2028
3.3.4 Бирото за развој на образованието обезбедува акредитирана обука за интеркултурно образование преку каталогот на програми за професионален развој програми за наставниците	Биро за развој на образованието	Акредитирани даватели на обука	I квартал 2027- IV квартал 2028

[10] Промовирањето на мултикултурализмот, интеркултурниот дијалог и меѓуетничката интеграција во училиштата во Северна Македонија е поддржано преку воспоставена правна и политичка рамка. Член 46 од Законот за основното образование предвидува формирање тимови за училишна интеграција, одговорни за планирање и спроведување активности што поттикнуваат интеракција, почитување на различностите и соработка меѓу учениците од различни етнички и јазични средини. Овие активности се вклучени во годишните училишни програми и се поддржани преку јавни повици и финансирање обезбедено од Министерството за образование и наука. Дополнително, пошироките политички иницијативи, вклучително и Стратегијата за инклузија на Ромите (2022–2030), како и бројни проекти спроведени во изминатата деценија во соработка со граѓанското општество и меѓународни партнери, придонесоа за зајакнување на мултикултурното и интеркултурното образование. Овој Акциски план се надоврзува на овие постојни механизми со цел дополнително да се поддржи и унапреди нивното спроведување.